

## Д-Р СТОЈАН НИКОЛИЌ (1885 -1982)

# КАРИЕРАТА ЈА ЖР ЗА СВОЈОТ ГРАД

***Место да замине за Франција како и негови - те колеги од факултетот, да докторира и да стане факултетски професор и научен работ- ник, д-р Стојан Николиќ остана во Кочани, со своето семејство, жртвувајќи се за градот и за луѓето во него***

Ретко кој од високостручните кадри кои во минатите години престојувал и работел во Кочани, до крајот на својот живот му останал верен на овој град. Сите тие по неколкугодишната работа среќа и успехот во животот ги побарале во Скопје или во други места. Меѓу ретките луѓе кои со доаѓањето во Кочани му останаа верни на овој град сè до неговата смрт спаѓа д-р Стојан Николиќ, човекот кој и по пензионирањето низ средби и совети ги учеше и ги советуваше младите лекари од кочанскиот Здравствен дом. Со неговото име е поврзан најголемиот и најзначајниот дел од историјата на кочанското здравство, каде што направи многу, задолжувајќи ги граѓаните и овој град да му вратат во иста мера. Да беше жив ќе му се радуваше на растежот и постигнувањата на медицината и здравството во Кочани. Неговото дело- искоренувањето на маларијата во Кочанско, е рамно на историски подвиг. За тоа требаше да се има стручно знаење и умеење да се искорени опаката болест која во овие простори ја имало од крајот на 19 век.

### СТУДИИТЕ ПОЧНУВААТ ВО РИМ

Д-р Стојан Манасие Николиќ е роден на 18 мај 1895 година во село Луково, општина Врање во тогашна Југославија. Основното и средното образование, гимназија завршил во родниот крај. Виорот на Првата светска војна го зафатил додека бил во средношколските клупи, па се нашол на Солунскиот фронт 1918 година. Извесно време бил на боледување во градот Волос-Грција, каде што матурирал есента 1918 година. Со стипендија што ја добил од тогашната српска влада го напуштил родниот крај и заминал за Рим, Италија, да студира медицина. Долго не останал на студиите во Рим. Заедно со неколкумина колеги заминува за Париз, каде што останува две години. Поради скапиот живот се префрлил на Медицинскиот факултет во Стразбур, каде што на 19 јуни 1924 година и дипломирал. Покрај со дипломата за лекар, д-р Николиќ во Белград се вратил со потврда за стипендија на француската влада за постдипломски студии и тема за дисертација. Но, при доаѓањето во Белград, младиот лекар го чекало изненадување. Место да ги продолжи студиите, бил испратен на работа во Кочани, како замена на тогашниот д-р Хазаријан Харутин, кој бил во затвор.

Иако барал од Министерството за здравство да му овозможат да се врати во Франција, му било речено дека најпрвин треба да и се оддолжи на државата.

Во септември 1924 година д-р Стојан Николиќ доаѓа во Кочани. Првата слика што ја видел била повеќе од жална. Улиците биле калливи, плева од вршидбата на оризот и општа нечистотија. Но најстрашно било што луѓето биле слабодушни,со испиени лица, очигледно дека секој од нив се борел катадневно со маларијата. Откако го пречекал претседателот на Општината, бил сместен во станот на поранешниот лекар, при


STOYAN NIKOLITCH
DOCTEUR EN MÉDECINE

*Contribution à l'étude*
*des indurations plastiques des corps caverneux.*
*Traitement électrique et Radiumthérapie*

STRASBOURG

# ТВУВАШЕ

што, како што пишува во своите сеќавања, д-р Николиќ, очаен од глеткката два дена и две ноќи не излегол од станот. Третиот ден кај него дошол аптекарот Ване и му кажал дека детето на Тодор Екерџиев, е многу болно и може да умре.

## ВО БОРБА ПРОТИВ МАЛАРИЈАТА

Тогаш д-р Николиќ го зел куферчето и, како да се ослободил од очајот, отишол да му укаже помош на детето, при што му го спасил живот, иако тоа сето било исцрпено од маларијата. Наредниот ден по утринските часови пред станот на лекарот врвулица од луѓе кои дошле да побараат помош.

-Веќе немаше каде да бегам, пишува д-р Николиќ, туку го облеков белиот мантил и почнав со работа, прегледував, лекував, давав совети, препишував лекарства.

Младиот лекар знаел дека го чека напорна работа. На лична иницијатива, д-р Стојан Николиќ во Кочани, есента 1924 година, ја отвора антималаричната станица за чија намена се подигнати две бараки во месноста каде што се наоѓа сега куќата на семејството Велински во Кочани. За почеток со д-р Николиќ неколку месеци работел и д-р Крсто Харамбашиќ со една сестра и дезинфектолог. Пациентите биле многу, дневно ги имало меѓу 150 до 200. Тоа барало многу работа и самоодрекување. Од државните власти наредната година успева да издејствува отворање на аптека, со што Кочани ја добило својата прва јавна аптека. Оваа 1925 година маларичната станица прерасн ува во Здравствена станица со училишната амбуланта за деца, а во 1926 година д-р Николиќ работи на ортворањето на амбуланта и во Виница.



Д-р Николиќ со дел од персоналот на болницата во Кочани

Во услови на скромни средства за работа, д-р Николиќ заедно со персоналот од Маларичната станица кој го сочинувале медицинската сестра Павлина Влахчева и дезинфектологот Методи Андонов, започнале битка со времето и болеста-маларијата. Сè до почетокот на 1941 година, д-р Николиќ со овој мал персонал водел битка против маларијата, но резултатите биле многу скромни, неможејќи до крај да се уништи жариштето на болеста која во овој крај носела многу човечки жртви.

Со окупацијата на Кочани во јуни 1941 година, д-р Стојан Николиќ е испратен на работа во Долни Милановац и Белград, а на негово место бугарската окупаторска власт го доведе д-р Бојаџиев, кој останал кратко време, а по него и д-р Стојан Илиев. Се користат и лекарските услугите на д-р Тодор Апостолов и д-р Ратка Илиева Балванлиева.



RÉPUBLIQUE FRANÇAISE

UNIVERSITÉ DE STRASBOURG

Diplôme de Docteur de l'Université de Strasbourg

(Mention: MEDECINE)

Диппомата за завршен медицински факултет на Универзитетот во Стразбуг

## СО ПЕТИЦИЈА ПАК ВО КОЧАНИ

Во септември 1945 година по осло-

бодувањето на Кочани, по барање на Околискиот народен одбор и со петиција на граѓаните на Кочани, Министерството за народно здравје на Народна Република Македонија бара во Кочани да се врати на работа д-р Стојан Николиќ, кој тогаш бил на работа во Долни Милановац. Барањето на граѓаните на Кочани било исполнето. Д-р Николиќ се врати во Кочани каде што почна да работи со неколкумина средномедицински кадри како бабицата Гроздана Алексиева, една микроскописка Стојка Илиева, како и еден болничар Киро Георгиев и курирот Станче Теодисиев.

Д-р Николиќ повторно е вратен во Кочани, каде што останува да живее и работи сè до неговата смрт во 1982 година. Во Кочани создава семејство. Во 1928 година се жени со Рада Хаџивелкова и од тој брак се родени ќерката Мима



*Д-р Николиќ со сопругата Рада Хаџивелкова*

во 1932 и синот Мирко во 1935 година. Со враќањето во Кочани па сè до 1964 година, д-р Николиќ несебично, деноноќно со скромниот медицински персонал се борел за искоренувањето на маларијата во кочанскиот крај. Се пензионира на 1 јули 1968 година, задоволен што може да даде голем придонес во искоренувањето на болеста во Кочанско и Македонија, за што граѓаните на овој град искрено му благодарат.



*Радмила Николиќ, Мирко Николиќ, д-р Стојан Николиќ и Милена Николиќ, подоцна сопруга на прим. д-р Гаврило Кафеџиски (од десно на лево)*

На искоренувањето на маларијата како болест во Кочанско, д-р Николиќ континуирано работи од 1945 па сè до 1967 година, кога конечно е искоренета маларијата. Во своите белешки д-р Николиќ ќе запише дека од 1967 до јуни 1973 година, (до кога го води својот дневник), во Кочанско нема заболени од маларија.

Ја даде својата младост, кариерата во Кочани за неговите сограѓани. Место да замине за Франција како и неговите колеги од факултетот, да докторира и да стане факултетски професор и научен работник, д-р Стојан Николиќ остана во Кочани, со своето семејство, жртвувајќи се за градот и за луѓето во него.

Што доби е прашањето што неминовно се наметнува во вакви прилики. Бележиме: Одликувањето од тогашната југословенска влада и тоа во 1956 година Орден на трудот трет ред, во 1966 година Орден на трудот со златен венец и во 1976 година Орден за братство и единство со златен венец. Д-р Стојан Николиќ е добитник на првата Октомвриска награда на Кочани во 1975 година, како и на признанијата од Југословенскиот и Македонскиот Црвен крст. Застепен е во Медицинската антологија на лекарите од Југославија. Д-р Стојан Николиќ му остана верен на своето Кочани, кое многу го сакаше и во него остана засекогаш да почива.

***Киро ГЕРАСИМОВ***